# Процес за развој на постоечки квалификации

# Процес за развој на постоечки квалификации

**Процес на високо ниво од почеток до крај**

*Кликнете на релевантните делови од процесот подолу за да дојдете до соодветниот подпроцес (за ова да функционира треба да го прикажете на цел екран, во мод за слајд шоу)*

Собрани информации од пазарот на труд* → Напишан договор за вештини по сектори* → Напишана Стратегија за квалификации по сектори → Ажурирани Национални стандарди за занимања → Напишан Акциски план → Одржан почетен дијалог → Напишани квалификации → Дадено одобрение од СВС за квалификациите → Квалификациите се акредитирани → Квалификациите се внесени во ЛАД

** Процесот не е документиран во овој пакет*

| Чекор во процесот | Опис | Одговорни чинители | Временски рамки |
|---|---|---|---|
| Собрани информации за пазарот на трудот | ИПТ се континуирано собирани и анализирани од СВС и тие се основа за нивниот бизнис план и СКС. | СВС | Континуирано се ажурираат |
| Напишан договор за вештини по сектори | Преку ДВС, Советите за вештини по сектори (СВС) ги утврдуваат потребите од вештини на секторите, ја анализираат моменталната состојба и договараат интервенции со клучните партнери за да се подобри соодносот помеѓу понудата од образованието и обуката и потребите за вработување. | | |
| Напишана Стратегија за квалификации по сектори | Се изготвува опсежен стратешки документ, со широк обем, што дава преглед на тековните квалификациите и другите наставни процеси во еден сектор, ги потенцира потребите на секторот и ја одредува визијата на секторот за иднината во врска со квалификациите и другите наставни процеси. | СВС | 6-12 месеци |
| Ажурирани национални стандарди за занимања | Се изготвуваат Национални стандарди за занимања (НСЗ), таму каде што е соодветно, за да се опише што едно лице треба да направи, знае и разбере на неговото работно место за да може да ја врши својата улога на доследен и компетентен начин – НСЗ се интегрален дел од алатките за подобрување на квалификациите и бизнисот во ВБ. | СВС | 6-12 месеци |
| Напишан акциски план | Акцискиот план е детален дел од СКС каде што се наведени договорените постапки, на кои се согласиле чинителите, за да се разрешат потребите утврдени во СКС, заедно со временски рамки. Може да постојат индивидуални акциски планови за дискретни политички области, видови на квалификации или географски локации, што секторот ги утврдил како соодветни. | СВС | 6 месеци |
| Одржат почетен дијалог | Почетниот дијалог ќе го водат заедно СВС и ОК, при што СКС и Акцискиот план ќе се користат како основа за дискусија и развој на нови квалификации. ОК ќе истражи кои квалификации и единици постојат во моментот, и потоа ќе дизајнира нови квалификации каде што е потребно за да се задоволат потребите наведени во СКС и Акцискиот план. | СВС/ОК | 6 месеци |
| Напишани квалификации | | ОК | |
| Дадено одобрение од СВС за квалификациите | Квалификациите изготвени од ОК треба да бидат формално потпишани од СВС пред да одат на формална акредитација | СВС | 4 недели (20 работни дена) |